# Вести од светот
## ЗА МЛАДИ И ВОЗРАСНИ



2020 • **ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ИНТЕРЕВРОПСКА ДИВИЗИЈА



AdventistMission.org

# Содржина

**Насловната страна:** На предната корица од списанието: Паула Кристина Гибут донела голема одлука во Романија. Преку молитвите на своите родители, бибилијата и списите на Елена Вајт, ја запознала Божјата волја. Приказната за неа можете да ја прочитате на страницата 24 од вашето списание.


БУГАРИЈА

4. Новогодишно чудо / 4 јануари

7. Црква на чудата / 11 јануари

10. Странец со топол поглед / 18 јануари

12. Возови, камиони и сабота / 25 јануари T

ИТАЛИЈА

15. Каменувана на Сицилија / 1 февруари T

18. Од село до палата / 8 февруари T

ГЕРМАНИЈА

21. Соочување со сабота / 15 февруари T

24. Мисионер атеист / 22 февруари T

ШПАНИЈА

27. Молитви во купатилото / 29 февруари T

30. Десет години ист сон / 7 март T

РОМАНИЈА

33. Да се донесе голема одлука / 14 март T

36. Бог во затворот / 21 март T

СЛОВАЧКА

39. Програма на 13-тата сабота: Ромско село ја запознава саботата / 28 март

43. Идни проекти на 13. сабота


T = *Искуства кои се посебно интересни за тинејџерите*

# Нашите дарови на дело




Пред три години дел од даровите за 13 сабота биле употребени за изградба на адвентистичката црква во Рагуза, во Италија. Прочитајте ја приказната од Рагуза за страна 12 од вашето списание.


Seventh-day Adventist Church

© 2020 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved



12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драг водачу на саботната школа,

Ова тримесечје ќе се посветиме на Интеревропската Дивизија (ИЕД) во која се наоѓаат 20 држави: Андора, Австрија, Белгија, Бугарија, Чешка Република, Франција и Германија, Гибралтар, Италија, Лихтенштајн, Луксембург, Малта, Монако, Португалија, Романија, Сан Марино, Словачка, Шпанија, Швајцарија и Ватикан.

Во оваа област живеат 338.1 милиони луѓе, вклучувајќи 178,453 верници на адвентистичката црква, што претставува однос од 1 адвентист на секои 1,895 луѓе.

Бог прави големи дела во таа област. Додека патував ширум Европа за да соберам материјали за списанието, слушнав воодушевувачки приказни за ангелите, соништата, чудата. Секој натприроден настан водел до ист резултат - една или повеќе личности биле привлечени од Исус. Возбуден сум што можам да ги споделам овие искуства со вас.

## Посебни обележја

Ако сакате својата саботна школа да ја направите поинтересна, можете да го преземете Мисионското списание во PDF верзија од линкот: bit.ly/adultmission или да читате на Фејсбук. Посетете ја и ставете Ми се допаѓа на нашата фејсбук страница:

Facebook.com/missionquartelies.

Искористете ги предностите на мисионските приказни во видео запис, во кои се изнесуваат искуствата на наши браќа и сестри насекаде во светот, со посебен фокус на оние што ќе ги примат мисионските дарови на 13-тата сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видео клип и линк на интернет, за да можете да преземете апликација, или да гледате видео-клипови онлајн. Ние секоја седмица поставуваме дополнителни слики и занимливости кои можете да ги преземате и да ги прикажувате во своето одделение на компјутер или преку мобилниот телефон додека ги читате мисионските статии, или можете да ги испечатите и со сликите да ја украсите просторијата на саботната школа или својата саботношколска табла.

**Дополнителни информации и активности:** Во отсекот ИЗВОРИ, можете да најдете неколку веб-страници кои можат да ви помогнат, како и дополнителен материјал за вашите мисионски презентации. За дополнителни информации можете и директно да ме контактирате: mcchesneya@gc.adventist.org

Вашата поддршка на мисионството е значајна за единството на црквата. Елена Вајт пишува: „Никогаш нема да постои она единство за кое Христос се молел, сè додека духовноста не се покаже во мисионската служба, и додека црквата не стане орудие за поддршка на мисионската служба. Напорите на мисионерите нема да го исполнат она што би требал,о сè додека верниците на црквата не појат меѓу нив, не само со збор, туку и со дела кои покажуваат дека сфаќаат оти на нив лежи обврската да ги поддржат мисионерите“ (Христијанска служба, стр. 47).

Ви благодарам што помагате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри насекаде во светот, и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарувања.

Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!



*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*





# Новогодишно чудо

МАРИЈА БОЧВАРОВА, 73

Три постари жени одлучиле да се молат за своите роднини кои не веруваат, на најголемиот празник во Бугарија - новогодишната вечер.

Овие вернички на Софиската западна адвентистичка црква се молеле секојдневно два пати, еднаш во 21:15 часот и во 23:30 часот во своите домови во главниот град на Бугарија.

На 31 декември, кога дошло време за молитва, Марија го оставила својот сопруг и возрасниот син, и отишла во другата просторија во својот дом. Се молела и двајцата да го прифатат Исуса. Тогаш се сетила на својот помлад брат Николај. Го повикала да им се придружи на дочекот на Новата година, но тој не дошол.

Николај бил нежен, внимателен и чесен, но претрпел серија несреќни настани. Некогаш добро платен бизнисмен, банкротирал, а сопругата го напуштила. Останувајќи без приходи, работел како обезбедување на едно градилиште.

Марија се молела за Николај 25 минути, а потоа се вратила на дочекот со своето семејство на 20 минути, а потоа повторно отишла да се моли за својот брат, кој не се појавил таа вечер.

Дошол наредниот ден и почнал да раскажува една неверојатна приказна.

Претходната вечер требало да работи ноќна смена на градилиштето. Меѓутоа, кога дошол на работа, другиот работник на обезбедувањето го испратил дома велејќи му дека ја чека својата сопруга, за да можат заедно да ја дочекаат Новата година.

Николај тогаш одлучил да тргне кај својата сестра, и дошол на блиската трамвајска станица. Било 22:30 часот. Два часа чекал превоз, но трамвајот не дошол.

Тогаш се отворил прозорецот на една новоизградена зграда зад трамвајската постојка. На прозорецот се појавиле некој човек и една жена. Го повикале Николај во својот дом.

Николај влегол во убаво средениот стан и седнал во удобната фотелја. Подоцна бил послужен со вкусен оброк, а неговите домаќини пуштале македонска музика, која на Николај му била омилена. Како некогашен бизнисмен, развил вкус за убави работи, и сега уживал во својот стар начин на живот. Наутро, неговите домаќини го разбудиле и му рекле дека пред зградата го чека такси. Возењето било однапред платено. Поздравувајќи се со него, домаќините му дале една банкнота во 50 бугарски левови (околу 1660 денари). Николај бил без скршен денар во џебот.

Марија плачела кога Николај ја завршил својата приказна. „Бог се погрижил за тебе изминатата ноќ.

Отишла во другата соба, и се вратила со Библија и некоја адвентистичка книга која ја наменила како подарок за брачната двојка. „Кажи им дека им се заблагодарувам“.

Неколку дена подоцна, Николај ѝ ја вратил библијата и книгата на Марија. „Се случи нешто чудно, отидов до зградата и видов дека таа сè уште не е довршена. Таму сè уште никој не живее“.

Зградата била празна. Во тој момент, Марија сфатила дека Бог испратил ангели да се погрижат за нејзиниот осамен брат во новогодишната вечер. Бог одговорил на нејзините молитви за Николај.

По тоа чудо, од 2012 година Николај почнал во саботите да оди во црква со својата сестра.

Бог нè слуша кога се молиме за членовите на нашите семејства кои не се верни. Како што тоа се покажало и во случајот со Марија и Николај, Тој може да одговори на молитвите на чудесен начин“.

Дел од даровите за 13-тата сабота за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на црквата на Марија, за да може Софиската западна адвентистичка црква да се пресели од изнајмените простории во своја зграда.

## Оружје и книги

Марија Бачварова и една нејзина пријателка одлучиле да одат од врата до врата во една станбена населба во Софија, нудејќи адвентистички книги на продажба.

## Во врска со искуството

1 Барајте од верниците на црквата да изнесат имиња на членови на своите семејства кои не веруваат, а потоа молете се за нив по име.

2 Погледнете го видео-клипот со Марија на јутјуб: bit.ly/Maria-Bachvarova.

3 Симнете слики од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од АДАМС базата на податоци (bit.ly/new-years-miracle)

4 Сликите со голема резолуција за проекти на 13. сабота можете да ги симнете од АДАМС: bit.ly/eud-2020-projects.

Почнале да одат од приземјето до врвот, застанувајќи покрај секоја врата. Многу врати воопшто не се отвориле, а некои биле трескани пред нив.

На еден од повисоките катови, излегувајќи од лифтот, виделе 6 станови, а сите врати биле отворени. Шестмина крупни луѓе во црни костуми, со бели кошули и црни машни стоеле со оружје во рацете.

„Ние нудиме книги на продажба", рекла Марија

Еден од нив грубо ги избуткал жените назад во лифтот. „Одете си одовде", им рекол.

Од страв, Марија притиснала погрешно копче на лифтот. Наместо на приземје, таа го притиснала копчето за последниот кат.

Кога се отворила вратата, на последниот кат, имало само една врата. Иако исплашени, жените имале силно чувство дека треба да заѕвонат на вратата на тој „пентхаус" стан (стан на врвот на зграда во вид на надградба). Се помолиле и заѕвониле.

Вратата ја отворила една елегантно облечена жена. „Кого барате?" – ги прашала. „Нудиме некои многу интересни книги", одговорила Марија.

Жената се загледала со книгата „Копнежот на вековите" од Елена Вајт и некои други и изјавила, „Ќе ги купам сите".

Подоцна Марија дознала дека катот на кој биле луѓето со оружје бил стан на некој шеф на мафија, а крупните наоружани луѓе биле неговите телохранители. Тој човек нешто подоцна бил убиен.

Марија никогаш повеќе не можела да влезе во таа зграда.

„Благодарна сум му на Бога што можевме да поразговараме, да ѝ посведочиме на жената од последниот кат и да ѝ оставиме книги".





# Црква на чуда



Стојан Петков, 48

Пасторот Стојан Петков се молел две години за нова црковна зграда во Софија во Бугарија. Иако тој тоа не го знаел додека се молел, водачите на светската адвентистичка црква во САД одлучиле дел од даровите од 13. сабота во 2020 да бидат употребени за изградба на нова црковна зграда.

Стојан не знаел дека Бог веќе одговорил на неговата молитва со тоа што е одобрен овој проект за 13 сабота.

Еве што се случило.

Стојан станал пастор на западната адвентистичката црква во Софија во 2015 година. Во тоа време, верниците се собирале во просторијата не некоја евангелска црква.

Локацијата на црквата во центарот на градот била одлична, но Стојан забележал еден проблем. Црквата била мртва. Луѓето во саботите се собирале на богослужба и тоа било тоа. Немало курсеви за здраво готвење, детски програми, молитвени состаноци во текот на седмицата.

Стојан го прашал сопственикот на зградата за дозвола да ги изнајми просториите во текот на седмицата, но, тие го одбиле без никакво објаснување.

Одлучил сам да побара нова зграда за црква. Го пребарал соседството. Не нашол ништо што би му одговарало. Основал молитвена група, за да може тој проблем да се воздигне до Бог.

Месеците поминувале.

Во март 2017 година, Стојан престанал да бара зграда за црква. Наместо тоа, објавил дека црквата ќе организира велигденски концерт.

Црквата немала хор. Дури и немале доволно простор за концерт. На младите од црквата им рекол дека треба да организираат концерт и да пеат. Младите набрзина формирале хор, а тој изнајмил просторија со 50 седишта за концерт.

Ден пред концертот, сопствениците на просторијата се предомислиле и им рекле дека просторијата ја изнајмиле на некој друг.

Стојан одел по улицата и се молел. Поминувајќи покрај еден шопинг центар во кој многу локали биле празни, одлучил да разговара со сопственикот. Меѓутоа, имал многу пари, а сопственикот не бил заинтересиран да го изнајми тој простор на некоја религиозна група. Без оглед на сè, Стојан го повикал сопственикот на трговскиот центар, и на свое изненадување, успеал да изнајми еден празен локал за одржување на концертот.

Концертот доживеал вистински успех.

По концертот, додека верниците ја чистеле просторијата дошол сопственикот.

Вие сте интересни луѓе, очекував многу галама и викање, но вие сте мошне пристојни.

Кога дознал дека на црквата и е потребен простор, им понудил да го сруши ѕидот помеѓу два локала и на тој начин да ја прошири просторијата за издавање. Исто така им понудил и трет локал на вториот кат, каде црквата би можела да ги одржува детските програми.

Договорот за наем, чинел многу помалку од договорот за наем надвор од градот. Кога западната адвентистичка црква во Софија се преселила во шопинг центарот, бројот на луѓето кои доаѓале брзо пораснал, а црковните мисионски програми процветале. Шопинг центарот исто така доживеал промена. Се вселиле нови станари, а некогаш празниот центар оживеал. Сопственикот не бил во загуба.

„Ми донесовте среќа, и многу луѓе сега ги изнајмуваат локалите“, изјавил.

Верниците на црквата започнале работа со одржување на здравствени семинари, курсеви по готвење и организирање на детски програми.

Пет нови души биле крстени во првата година на новата локација.

„Две години порано сето ова беше незамисливо. Порано одев во црква, проповедав и се враќав дома. Сега Бог ми отвори нова врата“.

Меѓутоа, на црквата ѝ е потребна сопствена зграда. Пасторот знаеше дека цената на киријата нема секогаш да биде ниска. Во секој случај, верништвото набргу пораснало на 120 лица, оставајќи многу мал простор за понатамошно растење во изнајмени простории.

Тогаш, Стојан од бугарските црковни водачи дознал дека неговата црква е избрана да прими дел од средствата за 13 сабота во првото тримесечје од 2020 година.

Беше воодушевен.

Гледајќи наназад, тој смета дека не е случајно што почнале да се случуваат добри работи кога престанал да се грижи како да пронајде нова зграда за црква, и наместо тоа се фокусирал на ширење на евангелието.

„Господ ни овоможи да изнајмиме простории на добро место, кога го планиравме велигденскиот концерт. Во тој момент знаев, дека Господ ќе ни помогне еден ден да добиеме своја црковна зграда. Важно е да се оди напред во ширењето на евангелието“, смета Стојан.

Ви благодарам што планирате да ни помогнете со вашите великодушни дарови на 13-тата сабота со кој ќе помогнете да се изгради нова црковна зграда за западната адвентистичка црква во Софија, главниот град на Бугарија.

## Во врска со искуството

1. Погледнете го видео-клипот за Стојан на јутјуб: bit.ly/Stoyan-Petkov.
2. Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од АДАМС базата на податоци (bit.ly/miracle-church).
3. Сликите со голема резолуција за проектите за 13. сабота можете да ги симнете од АДАМС: bit.ly/eud-2020-projects.

## Брзи факти

1. Книгата „Патот кон Христа“ од Елена Вајт е преведена и издадена на бугарски јазик во1899 година.Тоа била првата адвентистичка книга преведена на тој јазик.
2. Со популација од 7 076 000 луѓе, во Бугарија има 1 адвентист на секои 999 луѓе.
3. Во манастирот Рила во Бугарија се наоѓа дрвен крст со 140 микроскопски сцени од Библијата. Најголемата од 1500 мали фигури е помала и од 1 зрнце ориз.





# Странец со топол поглед

Живко Грушев, 69

Пензионираниот 67-годишен професор дошол во бугарската национална академија со своите три последни примероци од книгата на Елена Вајт, „Големата борба“.

Неговата мисија била да влезе во добро обезбедениот кампус и една книга да му подари на командирот на полициската академија.

Живко имал исполнета седмица додека ја претставувал книгата на универзитетите ширум Софија, главниот град на Бугарија. Откако поделил околу 100 книги, му останале само три. Дошол до полицајците на влезот во полициската академија. Кога дошол до влезот, видел како од портите излегува една црна лимузина.

Му се јавил на полицаецот и му рекол дека би сакал да го посети командантот.

„Командантот не е овде“, одговорил полицаецот. „Само што излезе со онаа црна лимузина“.

„Тогаш, би сакал да поразговарам со неговата секретарка“, рекол Живко.

„За што сакате да разговарате со неа?“ – прашал полицаецот.

Ова прашање го изненадило Живко, но тој имал подготвен одговор. „Сакам да разговарам со неа за одреден подарок“.

Полицаецот ги запишал личните податоци на Живко упатувајќи го кон управната зграда. Приближувајќи се кон големата административна зграда, Живко се прашувал дали полицаецот ја најавил неговата посета кај секретарката.

На влезот од ходникот, покрај малата врата се наоѓала стаклена кабина за чуварот која била празна. Неколку полицајци разговарале покрај сивите мермерни скали во ходникот.

Жарко поминал покрај нив прашувајќи ги како да стигне до канцеларијата на секретарката.

## Во врска со искуството

1. Погледнете го видео-клипот за Живко на јутјуб: bit.ly/Jivko-Grushev
2. Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од АДАМС базата на податоци (bit.ly/stranger-with-eyes).
3. Сликите со голема резолуција за проектите на 13. сабота можете да ги симнете од АДАМС: bit.ly/eud-2020-projects.

## Брзи факти

1. Бугарија е една од најстарите држави во Европа, која никогаш не го менувала своето име од основањето во 681 година од н. е.
2. Првиот дигитален рачен часовник го измислил Бугаринот по име Петар Петров.
3. Бугарите замавнуваат со главата кога сакат да кажат „да“, а климаат со главата кога сакаат да кажат „не“.

„Од овде“, одговорил едниот од нив покажувајќи кон една врата. И додека се движел кон вратата, се молел. „Господе, доаѓам да ја донесам Твојата светлина на ова место. Ти води ме“.

Полицајците покрај скалите го продолжиле својот разговор.

Во тој момент, еден човек, во своите триесетти години слегувал по скалите. Погледите им се сретнале, и како да сакал да каже, „Почекајте ме една минута“. Човекот отишол до полицајците и ги прашал нешто.

Живко не можел да го одвои погледот од младиот човек. Никогаш не видел таков импозантен, достоинствен полицаец. Човекот бил виток и маркантен.

„Со што ли се занимава?“ – се прашувал Живко.

Човекот бил облечен во црно како и другите службеници, но неговата облека била со многу подобар квалитет. На неговите рамења немало чинови.

Кога го завршил разговорот со полицајците, погледнал топло кон Живко, како да сакал да каже „Готово е!“ Потоа поминал покрај него и излегол од зградата.

Полицајците забрзано дошле до стаклената кабина, а им се придружила и една полицајка. Кога го виделе Живко, го прашале, Дали одите кај секретарката?“

Полицајката ги запишала личните податоци на Живко, а еден од полицајците рекол, „Јас ќе ве одведам до секретарката“. Тргнал по скалите, и чекорел по две одеднаш, како некој да го брка. Живко со мака се трудел да го одржи чекорот. На врвот од скалите, полицаецот ја отворил вратата, гледајќи во подот додека Живко влегувал. Излегол и ја затворил вратата по себе.

Живко ѝ се претставил на секретарката и ги ставил своите три книги пред неа.

„Ова се подароци за командирот и неговите заменици“, рекол.

Нешто подоцна, напуштајќи ја академијата, радосно му се заблагодарувал на Бога што му помогнал да ја исполни навидум невозможната мисија. Неговите мисли се вратиле кај убавиот полицаец со топол поглед.

Човекот наишол во вистинското време за да го реши погледот на полицаецот. Книгите никогаш не би биле предадени на секретарката без неговата помош, Живко не се сомневал дека тој човек бил ангел кој го испратил Бог, за да може да ја однесе пораката на спасението. Се сетил како во посланието до Евреите се опишани ангелите, “А и за овие пророкуваше Енох, седмиот по Адама, велејќи: „Ете, Господ дојде со десет илјадници Свои свети?“ (Евреите 1,14)

Средбата со странецот со топол поглед го променил духовниот живот на Живко. Тој често размислува за тој ден.

„Бог е голем во својата желба да ги спаси луѓето. Мојот небесен пријател е прекрасен“.

Живко е еден од старешините на западната адвентистичка црква во Софија, која ќе прими дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје, за да се изгради црковна зграда, во главниот град на Бугарија.

Ви благодарам што планирате да го приложите вашите великодушен дар.



БУГАРИЈА | 25 јануари 2020

# Возови, камиони и сабота

Росен Новаков, 48

Десетгодишното момче внимателно ја слушало проповедта во адвентистичката црква. Пасторот изнесувал приказна за поштарот кој примил писмо наменето за Дедо Мраз. Малото момче напишало писмо во кое сакало да добие за подарок воз.

Поштарот немал деца, и одлучил да го купи возот за момчето.

Момчето било одушевено кога го примило подарокот.

Росен, кога бил мал со воодушевување ја слушал оваа приказна. Тој исто така копнеел за воз, во својот дом во Софија, во Бугарија.

Оваа приказна го допрела неговото срце и одлучил да дојде во црква и следната сабота. А потоа и наредната. Набргу стекнал пријатели меѓу луѓето од црквата, го запознал Исуса како свој пријател.

Кога го завршил средното училиште, Росен морал да оди да го отслужи задолжителниот воен рок во тогашната комунистичка држава. Пред него стоел избор, или да оди во војска или да работи во фабрика пет години. Ја избрал фабриката за да избегне каков било проблем околу празнувањето на саботата.

Најмалку десетмина адвентисти работеле во огромната фабрика за камиони во Софија. Во фабриката Росен запознал еден адвентист кој го повикал да му се придружи во одделението во кое моторите биле ставани во шасијата на камионите.

Росен отишол во административната канцеларија на фабриката за да поднесе молба за работа во тоа одделение. Кога менаџерот ја погледнал молбата на Росен, увидел дека има искуство како автомеханичар. „Зошто поднесуваш молба за работа во одделот за инсталирање на моторите? Ти би требало да работиш во гаражата на поправка на моторите на камионите“.

Росен истиот момент прашал, дали на тоа работно место има слободна сабота.

„Да“, одговорил менаџерот. „Се работи од понеделник до петок“.

Го испратил Росена во канцеларијата за човечки ресурси за да ја поднесе потребната документација. Кога ги предал своите документи на службеникот во таа канцеларија, тој му се обратил, „Зошто поднесуваш молба за работа на поправка на мотори на камиони? Би можел да работиш во малата работилница за продажба на мотори“.

Првиот ден на работа во фабриката, дознал дека уште шестмина работат во таа мала продавничка. На паузата за ручек, во фабричката менза, еден од новите колеги го прашал, „Кажи ни, кого познаваш во менаџментот на фабриката?“

„Што мислиш да кажеш со тоа?“ – прашал Росен. „Сигурно имаш некој пријател од врвот кој ти помогнал да го добиеш ова работно место“, рекол друг колега.

Росен дознал дека малата продавница на мотори била најпопуларното место во фабриката. Многумина меѓу илјадниците вработени во фабриката биле ангажирани на тешки и валкани работни места. Меѓутоа, работата во продавницата била лесна и чиста работа. Сите колеги на Росен ја добиле оваа работа бидејќи имале некој кој е на врвот во фабриката.

Росен увидел дека оддавајќи му чест на Бога со почитување и празнување на саботата, Бог му возвратил со тоа што му ја обезбедил оваа работа по која сите копнееле.

На масата во мензата, еден колега му навалувал на Росен да му даде одговор. „Кој е твојот пријател?“ – го прашал.

Росен со прстот покажал кон Небото. „Мојот пријател е горе, на небото“, одговорил.

Од тој ден, сите вработени во малата продавница знаеле дека Росен е адвентист. Многумина барале од него помош, откако се проширило дека е одличен механичар. Бил единствениот адвентист во гаражата.

„Многу адвентисти работеле во фабриката, но никој не работел во гаражата“, рекол во една прилика на интервју за ова списание. „Очигледно е дека на Бога му требав таму“.

Росен, кој сега има 48 години, не знае дали некој од неговите колеги го прифатил Исуса благодарение на неговото влијание, но сигурен е дека Бог има план со него. „Како што Бог ја искористи

## Во врска со искуството

1 Погледнете за Росен на јутјуб-клипот на линкот: bit.ly/Rosen-Nakov.

2 Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од АДАМС базата на податоци (bit.ly/trains-trucks-abbath).

3 Сликите со голема резолуција за проектите на 13. сабота можете да ги симнете од АДАМС: bit.ly/eud-2020-projects.

## Брзи факти

1 Официјален јазик во Бугарија е бугарскиот, и сите етнички заедници го зборуваат, без разлика дали им е мајчин или втор јазик. Тој е најстариот пишан словенски јазик и се пишува со кирилична азбука.

2 Бугарски музички национален инструмент е гајдата. Постојат само три држави во светот кои ја употребуваат гајдата во својата традиционална музика – Шкотска, Ирска, Бугарија и Македонија.

3 Иако Бугарија била здружена со Германија во Втората светска војна, таа била една од двете држави (втората е Финска) која го штител своето еврејско население од депортацијата во нацистичките концентрациони логори.

приказната за возот играчка за да го допре моето срце уште додека бев дете, така можеби сакаше и јас да бидам во гаражата, за да можам таму да допрам до срцето на некоја личност".

Дел од даровите за 13. сабота за ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на црковна зграда за западната адвентистичка црква во Софија, во родниот крај на Росен, во Бугарија.

Ви благодарам што планирате да ги приложите вашите великодушни дарови.



ИТАЛИЈА | 1 февруари 2020

# Каменувана на Сицилија

Салватриче „Салвина" Маца, 85

Татко ѝ ја одвел тринаесетгодишната Салвина Маца на пат со велосипед од 43 км по италијанскиот остров Сицилија.

Меѓутоа, тоа патување не било поради забава.

Едно семејство во селото Росолини, барало помош околу проучување на Библијата. Пред да тргнат на пат, таткото рекол, „Дојди со мене да слушаш и да научиш како да им сведочиш на луѓето за Исус."

Татко ѝ немал автомобил, па Салвина и тој тргнале на пат со велосипеди од градот Рагуза до подалечно место на планината. На патувањето им се придружил пријателот, Џовани Џаљанза, првиот адвентист во Рагуза, кој му сведочел на таткото за Бога и адвентистичката црква, откако дознал за адвентистите во Белгија.

По некое време, сите заедно стигнале во куќата на семејството во Росолини. Соседите љубопитно ѕиркале од вратите и прозорците на своите куќи.

„Кои се овие странци?" – прашал еден. „Што прават овде?" – прашал друг. Соседите ги следеле посетителите до семејната куќа, и

ИТАЛИЈА

набргу куќата се наполнила со луѓе. Човекот што го повикал таткото да дојде во посета, поставил прашање од Библијата. Таткото ја отворил Библијата и го покажал одговорот. Човекот поставил и друго прашање, а таткото му одговорил со стихови од Библијата.

Две жени, кои не биле задоволни од одговорите што ги дал таткото, ја напуштиле куќата. Дваесет минути подоцна, двајца убаво облечени луѓе со торби во рацете влегле во куќата. Откако кратко го слушале она што се зборувало, едниот му се обратил на другиот.

„Овде ништо не се случува". Тие само разговараат за евангелието". И двајцата си заминале. Тоа биле полицајци што ги испратиле двете незадоволни жени.

Три часа подоцна, состанокот се завршил и таткото се поздравил со домаќините. „Ако сакате уште да проучувате, јавете ми се и јас повторно ќе дојдам".

Салвина со велосипедот го следела татка си и неговиот пријател по патот назад кон Рагуза. На нејзино изненадување, долж патот стоеле стотина луѓе.

„Тато, дали е тоа некој религиозен фестивал?" – прашала.

„Да", рекол. „Голем фестивал кој се одржува поради нас". Некоја итност му го исполнила гласот.

„Да возиме побрзо за да поминеме покрај групата луѓе", рекол.

Велосипедското трио возело најбргу што можело. Повици се дигале од толпата.

„Ние не сакаме таква црква", рекол некој. „Не сакаме протестанти овде", рекол некој друг.

Луѓето земале камења и ги фрлале на нив.

„Немој да реагираш", само вози. Салвина возела најбргу што можела.

Кога биле на безбедна оддалеченост од групата, татко ѝ застанал за да види дали некој е можеби повреден. Сите биле добро. Сите тројца ги наведнале главите и почнале да се молат.

„Ти благодарам, Боже, што нѐ заштити, кога оваа толпа фрлаше камења на нас, но никој не беше повреден".

„Никој од Росолини повторно не го повика татко ми во посета.

Татко и, кој се вика Кармело Маца, се соочувал со многу потешкотии ширејќи ја својата вера. Го возел својот велосипед ширум Сицилија, работејќи како фотограф по Втората светска војна.

Меѓутоа, тој не се обесхрабрил по каменувањето од страна на групата луѓе во 1946 година, или некои други потешкотии. Џовани и тој ја основале првата адвентистичка црква во Рагуза во 1952 година. Исто така, основале уште

три други цркви во Макарони, Модики и Виторија.

Салвина денес има 85 години, но добро се сеќава на возењето со велосипедот.

„Тоа беше големо чудо кое никогаш нема да го заборавам“, изјавува таа.

По тој напад, никогаш повеќе не се плашела да зборува за Исус. Кон соседите се однесувала со трпение и љубов кога ја напаѓале поради тоа што била адвентист. Сведочела за својата вера на училиште, иако и другарите и свештеникот ѝ се потсмевале.

Дури и денес таа со ентузијазам ги изнесува своите убедувања.

„Сакам да го ширам евангелието“, изјавува.

Дел од даровите на 13-тата сабота во 2016 помогнале да се изгради зграда за црква во Рагуза. Верниците на црквата се собирале во изнајмени простории од основањето на црквата од страна на таткото на Салвија во 1952 година. Благодарни се што можат да имаат своја црковна зграда.

Ви благодарам што го овозможивте тоа со приложување на своите дарови.

## Во врска со искуството

1. Погледнете го видео клипот со Салвина на линкот: bit.ly/Salvina-Mazza.
2. Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од АДАМС базата на податоци (bit.ly/Stoned-in-Sicily)
3. Сликите со голема резолуција за проектите на 13. сабота можете да ги симнете од АДАМС: bit.ly/ECD-projects-2020.

## Брзи факти

1. Италија зазема единствено место во црковната историја. Таа е прва држава во Европа во која била проповедана адвентистичката доктрина. М. Б. Чеховски, полјак, некогашен католички свештеник, бил крстен во 1857 година, и работел во Северна Америка меѓу француското говорно население. Не успеал да ги убеди црковните водачи да го испратат во Европа, и така отишол под покровителство на една друга адвентистичка деноминација. Отишол во Тора Пеличе во долината Валденжана на брегот на Пиедмонт, на север од Италија во 1864 година, каде што поучувал и давал часови за адвентистичките доктрини.
2. Италијанскиот адвентистички универзитет Вила Аурора (Istituto Avventista di Cultura Biblica Villa Aurora) се наоѓа во Фиренца и тука може да се следи настава по теологија, италијански јазик, уметност, култура (ова последното е наменето претежно за странски студенти).



ИТАЛИЈА / 8 февруари 2020

# Од село до палата

Виченцо Маца, 70

Таткото експлодирал од лутина кога шеснаесетгодишниот Виченцо Маца се вратил во својот дом, во своето село, на италијанскиот остров Сицилија, и кога му кажал на татка си дека се крстил во адвентистичката црква.

Татко му дополнително се разлутил, кога тинејџерот изјавил дека планира да стане пастор.

„Ако си заминеш и го направиш тоа, не се враќај повеќе дома“, рекол татко му, сиромашен ветеран од Втората светска војна, кој строго ги воспитувал своите пет деца.

Никој не би можел да претпостави дека еден ден Виченцо ќе ја води адвентистичката црква во Италија и ќе ја проучува Библијата со претседателот на државата.

Заканите на таткото не го обесхрабриле момчето кое било крстено заедно со еден постар брат, во другиот град. Виченцо отпатувал на адвентистичкиот факултет „Вила Аурора“ во Фиренца.

Кога стигнал таму, дознал дека не може да се запише без пари, а немал ниту некоја соодветна работа.

Разочаран, одел по малата градина во кругот на факултетот и размислувал. Не сакал да се вратил во Сицилија, бидејќи знаел дека татко му ќе бара од него да се откаже од својата вера, ако сака да остане во семејниот дом. Во својот очај се молел на Бога.

Одеднаш слушнал шепот, „Погледни во џебот од својата кошула“.

Погледнал во џебот и пронашол едно парче хартија со напишана адреса на германското семејство кое случајно го запознал при своето доаѓање во Фиренца. Семејството претходно го поканило да им дојде во посета во Карлсруе во Германија.

Се сетил дека адвентистичката црква имала факултет во Германија, во градот Дармштат. Броејќи ги своите пари, видел дека има доволно

за да си купи билет во еден правец до тоа место Карлсруе во Германија.

Виченцо со воз отишол во Карлсруе, и тука преноќил кај семејството и им ја изнел својата желба да студира на факултетот. Семејството му купило карта до Дармштат.

Момчето стигнало во Дармштат без пари, без знаење на германскиот јазик и без упатства каде се наоѓал семинарот. Пешачело по градот неколку часови, барајќи го факултетот. Кога стигнало до шумата, продолжило да пешачи и набргу се изгубило. Сонцето полека заоѓало, било студено и Винченцо се исплашил.

Не знаел што да прави, па почнал да плаче и да се моли на Бога да му помогне.

„Еј, момче"! – слушнал еден глас, кој му се обратил. „Што бараш?"

Виченцо не слушнал некој да му се приближува. Свртувајќи се кон правецот од каде што доаѓал гласот, на свое изненадување видел еден кусичок постар човек со седа коса. Се зачудил уште повеќе, бидејќи стариот човек му зборувал на германски јазик, а Виченцо го разбирал.

„Го барам адвентистичкиот факултет", одговорил на италијански.

„Ќе ти објаснам како да стигнеш до таму", рекол стариот човек зборувајќи и понатаму на германски.

Човекот му дал детално упатство, и Виченцо тргнал. По неколку чекори, се свртел за да му се заблагодари на љубезниот странец, но немало никој.

Стигнал на кампусот на факултетот и им ја објаснил својата ситуација на професорите. Го запишале на факултетот и му обезбедиле работа.

Станал пастор на црквата во Германија и Италија. Служел како водач на адвентистичкото дело во Италија од 1959 до своето пензионирање во 2000 година.

Одржувал редовни контакти со својот татко.

Откако поминало многу време, татко му барал прошка од Виченцо.

„Бев авторитативен татко", рекол во една прилика кога го посетил Виченцо, кој со својата сопруга и двајцата синови дошол во текот на летото на Сицилија.

„Признавам дека бев строг, и многу ми е жал што им нанесував болка на моите деца", изјавил татко му.

Како водач на адвентистичката црква во Италија, Виченцо во една прилика напишал писмо на благодарност до италијанскиот претсе-

## Во врска со искуството

1 Погледнете за синот на Виченцо, Андреас на јутјуб: YouTube: bit.ly/Andreas-Mazza.

2 Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од АДАМС базата на податоци (bit.ly/Village-to-Palace).

3 Сликите со голема резолуција за проектите за 13. сабота можете да ги симнете од АДАМС: bit.ly/ECD-projects-2020.

## Брзи факти

1 Вулканот Етна на Сицилија е највисокиот активен вулкан во Европа. Честопати од голема далечина можат да се видат спектакуларни ерупции.

дател Оскар Луици Скалфаро, за поддршката што претседателот ја покажал кон протестантите.

Неколку дена откако го испратил писмото во 1997 година, претседателот Склафаро го повикал Виченцо да го посети во претседателската палата.

По првата посета, тие двајца станале добри пријатели. Претседателот Скалфаро во неколку наврати го повикувал Виченцо, и секогаш му велел: „Пасторе Маца, ве молам читајте ја Библијата со мене. Молете се со мене“.

Врвот на пријателството се покажал кога претседателот го прифатил повикот на Виченцо, да присуствува на отворањето на адвентистичкиот дом за стари лица во Форли во 1998 година. Присуството на претседателот на овој мал настан довело до тоа овој настан да биде објавен на националните вести. Луѓето ширум Италија, кои никогаш не слушнале за адвентистичката црква, сега се запознале со неа и со учењето за Христа и за саботата како седми ден за одмор.

Денес Виченцо има 70 години и паркинсонова болест во поодмината фаза. Меѓутоа, тој во своето срце и понатаму е пастор, и често објавува кратки проповеди на својата фејсбук-страница.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе биде употребен за реновирање на главната зграда на академијата Мариенхохе во Дармштат.

Ви благодарам што планирате да ги приложите своите великодушни дарови.





# Соочување со саботата

Виченцо Галина, 29



Германецот Виченцо Галина, интернет стручњак, не можел да сфати што се случува. Светските кризи се нижеле една по друга – 11/9, европската финансиска криза, Крим, мигрантската криза.

Нешто било погрешно. Виченцо себеси си го поставувал прашањето дали светот дошол до својот крај. Се обидел да ги сфати навидум нелогичните одлуки на политичарите. Барал одговори на јутјуб. Се свртел кон црквата од своето детство.

Виченцо не одел на служба само во недела. Одел на служба и во сабота и во недела.

Црковните водачи биле воодушевени од неговото интересирање за религијата, па се обиделе да го убедат да стане свештеник. Тој одбил. Сакал само одговори за глобалните настани и да живее побожен живот.

Додека барал, во своето срце одлучил да се држи за три важни принципи:

- да оди по вистината, без оглед на тоа каде ќе го одведе;
- да биде искрен кон другите, а особено кон самиот себе;
- да дејствува во согласност со своите зборови.

Читајќи ја Библијата, се вознемирил. Не го разбирал она што го читал.

Една ноќ, очајно се молел Бог да му испрати некој за да му ја објасни Библијата.

„Боже, прости ми што сум толку глупав, па не ги разбирам Твоите зборови“, се молел.

Следниот пат, додека пребарувал на јутјуб, наишол на проповед на еден адвентистички евангелист. Нешто се случило во неговиот ум

додека слушал. Му се допаднало тоа што евангелистот ја користел Библијата за да го поткрепи сето она што го проповедал.

Набргу почнал да гледа по пет проповеди на јутјуб дневно. Неговиот ум како сув сунѓер ги впивал новите сознанија.

Станувајќи убеден дека седмиот ден е библиската сабота, почнал да оди во адвентистичката црква во својот роден град Келн. Сакал да го прославува Бога Создателот, да докаже дека ѓаволот греши кога вели дека е невозможно да се држат Божјите заповеди, и да биде искрен, да ја следи вистината каде и да го одведе таа.

Бидејќи сè уште живеел со своите родители, увидел дека ќе биде тешко да живее побожен живот. Неговите родители не се молеле пред јадење, а во сабота телевизорот им бил вклучен. Почнале да се вовлекуваат сомнежи во неговиот ум за значењето на празнувањето на саботата.

Размислувал за Исусовите зборови запишани во Марко, „И им рече: 'Саботата е воспоставена заради човекот, а не човекот заради саботата'" (Марко 2,27). Се сеќавал што рекол Павле, „Имено, гревот не ќе има веќе власт над вас, зашто не сте под Законот, туку под благодатта" (Римјаните 6,14).

Престанал да ја празнува саботата.

Еден петок навечер, пред заоѓање на сонцето, Виченцо работел на својот компјутер, кога почувствувал како некој глас да му се обраќа и вели, „Дали знаеш дека не држиш една од Моите заповеди?"

Тогаш се сетил на својот принцип дека ќе биде чесен кон другите и кон себеси.

„Да, јас не ја држам заповеда за саботата. Дали навистина тоа е толку важно?" – рекол на глас.

Се вратил на својата работа.

„Не го држиш Законот", му рекол гласот. „Она што го правиш не е правилно".

„Дали навистина е толку важно да се празнува овој ден?" – рекол Виченцо земајќи ја зелената Библија од масата. „Зар Исус не рекол дека саботата е создадена поради човекот, а не човекот поради саботата? Зар сè уште сме под законот?"

Гласот не сакал да престане.

На крајот, Виченцо се помолил за водство. Клекнал, и со Библијата в раце, барал од Бога јасен одговор.

„Дали сакаш да ја празнувам саботата? Дали тој ден за Тебе е значаен? Потребна ми е помош во донесувањето на мојата одлука“.

Сметал дека било потребно да се создаде прилика за Бог да му одговори. Ја погледнал Библијата во своите раце, одлучил да ја отвори и да го прифати одговорот што Бог ќе му го понуди. Ги затворил очите и ја отворил Библијата. Погледнал на стиховите, „Ако ја воздржиш ногата за да не ја изгазиш саботата, и да не вршиш работи во светиот ден; наречеш ли ја саботата милина и чесен денот посветен на Господа; почитуваш ли го откажувајќи се од пат, од занимање со работа и од празни зборувања - тогаш ќе ја најдеш својата радост во Господа, и Јас ќе те изведам по земните височини, ќе ти дадам да уживаш во наследството на твојот татко Јаков, зашто Господовата уста зборуваше“ (Исаија 58,13.14).

Почнал да плаче. Повеќе не можел да работи, по добивањето одговор на ваков начин. Го исклучил компјутерот и ја отворил Библијата.

Оттогаш повеќе немал никакви сомнежи околу саботата. Се вратил во црквата таа сабота и оттогаш редовно оди на богослуженијата.

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе бидат употребени за реновирање на главната зграда на академијата Мариенхохе во Дармштат, во Германија.

Ви благодариме што планирате да ги приложите своите дарови со цело срце.

## Во врска со искуството

1 Погледнете го видео-клипот со Виченцо на јутјуб на линкот: bit.ly/Vincenzo-Gallina.

2 Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од АДАМС базата на податоци: bit.ly/ECD-projects-2020.

3 Сликите со голема резолуција за проектите на 13. сабота можете да ги симнете од АДАМС: bit.ly/ECD-projects-2020.

## Мисионски информации

1 И во Германија имало мали групи на оние кои ја празнувале саботата и кои го очекувале скорешното Христово доаѓање во 1844 година. Тоа биле христијани во Баварија, кои ја прифатиле библиската сабота, инспирирани од списите на Тенхард, еден студент на Библијата од 18 век. Во 1902 година, двајца од Вутемберг, кои повеќе од 50 години го празнувале седмиот ден, сабота, биле крстени во Христијанската адвентистичка црква.



ГЕРМАНИЈА / 22 февруари 2020

# Мисионер атеист

Јан Хауг, 30

Ништо не го воодушевувало Јан Хауг повеќе од залагањето за заштита на природната околина. Како осумнаестгодишно момче, Јан се придружил на германската политичка партија која се занимавала со глобалните еколошки проблеми.

На универзитетот ги повикувал пријателите да гледаат филмови за заштита на природата и се обидувал да го направи својот живот поздрав со тоа што внимавал во изборот на храната, средствата за чистење и хигиена, патувањата.

Често одел по становите кои ги делел со своите цимери и ги гасел непотребните светла, кои често пати им пречеле на другите.

Тој бил мисионер, но без Исус.

Негова религија била грижата за природната средина.

Бидејќи бил студент за меѓународен бизнис, Јан обезбедил стажирање во една банка која пропагирала заштита на природната околина. Одлучил да се посвети на еден меѓународен проект во главниот град на Норвешка, Осло.

Меѓутоа, имал проблеми да најде соодветно место за престој во Осло.

Тогаш се сетил на едно семејство кое го запознал пред две години во обидот да научи како да биде самостоен. Тогаш го поминал летото на една норвешка фарма.

Испратил електронско писмо до семејството барајќи помош од нив, и неколку дена подоцна примил одговор во кој семејството го известило дека му нашло сместување во Осло.

Кога Јан стигнал во Осло, набргу сфатил дека бил опкружен со адвентисти. Негов нов цимер бил Давид Микелсен. Тие двајцата делеле мала соба во домот, кој бил сопственост на адвентистичката црква, наменет за студентите адвентисти.

Јан бил тврдокорен атеист од бившата Источна Германија, во која се наоѓа најголемата концентрација на атеисти во светот. Повеќе од 60% од бившата Источна Германија се декларираат како атеисти.

Иако бил благодарен што има место каде што може да престојува, Јан размислувал, „Ќе се обидат да ме преобратат, но нема да успеат. Јас знам во што верувам".

Ништо не се случувало цели три месеци. На Јан му се допаднале студентите адвентисти. Кон него се однесувале мошне љубезно, дури и кога ги прекршувал правилата околу внесувањето на алкохол во собата. Ја стекнале неговата доверба грижејќи се за неговите потреби.

Еден ден бил повикан да се придружи на група од 50 млади адвентисти кои оделе на излет со брод во јужниот дел на Норвешка.

Јан уживал на излетот и бил посебно задоволен што младите покажувале интерес за неговата желба за заштита на околината.

Тогаш, еден од водачите на младите, Јоаким Хјотрланд го повикал Јан да ја проучува Библијата со него. Јан не бил заинтересиран, но не сакал да го повреди Јоакима.

Се обидел да пронајде добар изговор.

„Немаме многу време денес, можеби утре", рекол.

Наредното утро, Јоаким рекол, „Дали се сеќаваш за што разговаравме вчера? Што мислиш за проучувањето на Библијата?"

Јан повторно се обидел да се извлече, „Не можам да ја проучувам Библијата, бидејќи немам Библија". Подоцна тој изговор го сметал за најглупавиот што можел да го даде. Бил опкружен од луѓе со Библии. По неколку моменти, во своите раце држел Библија.

За некој да поверува во вистинитоста на Библијата, најпрво мора да поверува дека таа е Божја реч. Јан не верувал во Бога. Јоаким ја отворил Библијата на книгата на пророкот Даниел 2 глава. Крајно изненаден, Јан го слушал со внимание пророштвото на Даниел за подемот и падот на царствата, за Вавилон, Медо-Персиија, за Царството на Александар Македонски и за Рим.

Увидел дека денешна Европа е поделена токму како што е покажано во пророштвото на Даниел, со кипот со прсти на нозете од кои некои биле од железо, а други од глина. Прифатил дека Библијата содржи натприродни информации, и одлучил да купи една за да може и понатаму да ја проучува.

Во Осло, пријателите од адвентистичката црква му помогнале да ги пронајде библиските одговори на прашањата за потеклото на

## Во врска со искуството

1 За Јан, погледнете го видео-клипот на јутјуб: bit.ly/Jan-Haugg.

2 Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од АДАМС базата на податоци (bit.ly/Atheist-Missionary).

3 Сликите со голема резолуција за проектите на 13. сабота можете да ги симнете од АДАМС: bit.ly/ECD-projects-2020

## Брзи факти

1 Германија е позната како „land de dichter und denker“ - земја на поети и мислители. Композиторите на класична музика, Бах, Бетовен, Хендл, Шуман, Менделсон, Брамс, Вагнер, и Штраус биле Германци. Некои од најпознатите филозофи како Кант, Хегел, Шопоенхауер, Ниче и Хајдегер исто така биле Германци. Тука се и писателите како Гете, Шилер, Хофман, Ремарк или добро познатите сликари Холбајн, Дурер, Фридрих и Кле.

гревот, зошто Бог не го уништил сатаната, и како библискиот извештај за создавањето може попрво да биде прифатен отколку теоријата на еволуцијата. Дошол и тој ден кога одлучил да му го предаде своето срце на Бога.

„Воопшто не сакав да станам христијанин, но тежината на доказите беше голема“, изјавува тој. „Бог мора да постои, а ако Тој постои и е вистина она што вели дека е, тогаш нема ниту една друга логична последица, освен човек да го следи Него. Кој сака да биде дел од губитничкиот тим, кој веќе ја изгубил битката? Тоа би било неразумно. Јас сакам да бидам во победничкиот тим“.

Денес Јан продолжува со своето образование и учи за пастор на семинарот Богенховен во Австрија.

Откако ќе дипломира, се надева дека ќе го шири евангелието меѓу атеистите во Источна Германија, како и меѓу активистите за зачувувањето на природната средина.

„Сакам посебно да им сведочам на луѓето од зеленото движење, кои се обидуваат да го спасат светот со своја сила. Кога само би можеле да го стават Исуса во својата слика, нивните напори би биле канализирани во вистинска насока. Тие се мисионери, но без Исус, нивното дело нема да резултира со вечен живот“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за обнова на главната зграда на академијата Мариенхохе во Дармштат во Германија.



ШПАНИЈА / 29 февруари 2020

# Молитви во купатилото

Данте Марвин Херман, 36

Било тешко на првата година во адвентистичкиот колеџ во Шпанија. Данте Марвин Херман ја искористил својата последна заштеда за да ја плати годишната школарина од околу 5000 евра.

Покрај наставата, работел за да заработи други 5000 евра за животот на својата сопруга и двајцата мали синови.

Сега бил соочен со долг лет, одвоен од својот дом, работејќи како колпортер, за да ги плати трошоците за студирањето.

Данте не се плашел да работи напорно, но не се запишал во Сагунто адвентистичкиот колеџ за да продава книги. Сакал да го помине летото одејќи од црква до црква сведочејќи им на луѓето како тој, како истетовиран Германец, го напуштил светот на дрогата и наркотиците на Канарските острови, и станал адвентист.

Данте имал потреба да разговара со Бога за своите финансиски проблеми. Отишол на своето омилено место каде на мир и во тишина можел да се моли – во купатилото на својот стан.

Ја заклучил вратата, клекнал и го отворил своето срце пред Бога. „Татко, првата година ја завршив. Бев меѓу оние со најдобри оценки. Знам дека ти ме повика да бидам таму“, се молел тој.

Данте секогаш во своите лични молитви на Бога му се обраќа со „Татко“.

„Татко, знам дека на некои студенти си им овозможил да добијат пари за школарина. Те молам, помогни ми, бидејќи не сакам да работам како литерарен евангелист фокусиран само на тоа да заработам пари. Јас сакам да проповедам за Исус. Потребна ми е слобода за да проповедам. Повеќе немам пари, бидејќи ја искористив целата моја заштеда. Татко, те молам, помогни ми“.

Данте направил пауза. Тогаш слушнал еден тенок глас кој му се обратил со зборовите, „Колку пари ти се потребни?“

Да видиме, ми останаа 5 години студирање на колеџот. Една година студирање чини 10,000 евра. Потребни ми се 50,000 евра.“

„Во ред Данте“, рекол гласот, и додал, „Дали веруваш дека Јас можам да ти ги обезбедам тие пари?“

„Ти знаеш дека не верувам многу, но благодарен сум што можеш да ми помогнеш да поверувам, и што ќе направиш да добијам 50,000 евра.

Десет минути подоцна, Данте добил 50,000 евра.

По молитвата, излегол од купатилото и отишол во дневната соба, да ја види својата мајка која била во посета.

„Здраво“, рекол додека влегувал во просторијата. Ти знаеш дека те сакам“.

Мајка му седела неподвижно  на креветот, а нејзиното лице било бело како чаршав. Го држела својот мобилен телефон во раката.

„Што се случило?“ – ја прашал Данте исплашено.

„Нешто чудно се случи“, одговорила.

„Што тоа?“ – прашал.

„Знаеш, веќе 10 години се обидувам да ја продадам куќата во Германија. Сега добив порака преку воцап (whatsapp) од човек кој сака да ја купи куќата, и ми понуди 50,000 евра, повеќе од она што барав“.

Данте не знаел што да прави. Сметал дека не би било во ред да ѝ каже, „Тоа се мои пари, јас се молев за нив“.

„Почекај“, рекол гласно. „Почекај ме еден момент, морам да одам до купатилото“.

Ја заклучил вратата на купатилото, и клекнал на подот.

„Татко, ако побарав 100 000 евра, дали би ми дал?“ „Данте“, рекол гласот, „Бараше 50 000 евра и Јас ти обезбедив 50 000 евра“.

„Да, но ако побарав 100 000 евра, дали би ми дал?“

„Да, би ти дал, но ти бараше 50 000 евра и Јас ти дадов 50 000 евра“.

„Дали може да се предомислам?“

„Не, не може, потребно е да научиш да ги гледаш работите од поголема перспектива. Ти размислуваш за мали работи, размислуваш само за овој момент. Меѓутоа, Јас сакам да ти дадам многу повеќе. Сакам да имаш доверба во Мене, и подготвен сум да ти го пружам

она што ти треба", рекол гласот.

„Во ред", одговорил Данте, „Но, кој ќе ѝ каже на мајка ми да ми ги даде тие пари?"

„Дали веруваш дека Јас можам да го направам тоа?"

„Да, верувам, верувам", извикал Данте.

„Данте", рече мајка ми додека влегував во просторијата, „Сметам дека би требало да ти ги дадам тие неочекувано добиени пари, за да можеш да ги платиш твоите студии".

Данте денес има 36 години и ја завршува втората година од студиите. Тој верува дека Бог ги води оние кои чекорат во послушност и вера.

„Кога Бог одговори на мојата молитва, сфатив дека одењето со Бога, е всушност, одење со вера. Бог не ви го открива секогаш она што ќе се случи. Тој само бара да имате доверба во Него".

## Во врска со искуството

1 Погледнете го видео-клипот за Данте на јутјуб на: bit.ly/Dante-Herrmann.

2 Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од АДАМС базата на податоци: bit.ly/ECD-projects-2020.

3 Сликите со голема резолуција за проектите на 13-тата сабота можете да ги симнете од АДАМС: bit.ly/ECD-projects-2020.

## Мисионски информации

1 Територијата на Шпанија припаѓала на латинската унија воспоставена во 1902 година. Б. Г. Вилкинсон, Жан Вијемје и Жил Робер биле испратени во 1903 година да ги проверат можностите и да ги проценат изгледите за ширењето на евангелието во Шпанија, а при тоа обратиле посебно внимание на големите градови Барцелона и Мадрид. По своето враќање, Жил Робер напишал, „По четири поминати седмици во Шпанија, носиме добра вест за оваа земја, во поглед на можностите за ширење на евангелието, затоа што, без оглед на постоечките услови, Бог нашол начин да го отвори патот" ("Messager de la Prophétie," Мај 1903).

Дел од даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе помогнат да се прошири кампусот на адвентистичкиот колеџ Сагунто со изградба на нова зграда, а со тоа ќе се овозможи упис на нови студенти кои сакаат да студираат и да му служат на Бога како што тоа денес го прави Данте.



ШПАНИЈА | 7 март 2020

# Десет години ист сон

Лауренцио Стефан Друга, 35

Само три деца од адвентистичките семејства посетувале основно училиште во едно место покрај Букурешт, главниот град на Романија.

Сите три деца биле во осмо одделение со Лауренцио. По кратко време го повикале во црква. Лауренцио го запознал Исуса, Го прифатил и набргу бил крстен.

Во неговото срце се јавила желба да стане пастор. Адвентистичкото училиште во Букурешт примало само 20 нови ученици, и затоа морал добро да го изработи приемниот испит.

На денот на испитот влегол во големата училница и седнал на големиот стол. Ги погледнал листовите пред себе и почнал да работи. Бил 21. на списокот.

„Нема проблем", им рекол на своите родители. „Ќе се обидам повторно следната година.

Меѓутоа, таа година почнал да го запоставува духовниот живот. Кога дошло време за испитот, тој повторно влегол во истата училница и седнал на истиот голем стол. Го погледнал листот, но нешто му изгледало погрешно.

Бил свесен дека живеел не обрнувајќи внимание на духовноста, и неговиот ум бил потполно празен.

Нагло станал и ја напуштил просторијата.

Поминале неколку години и Лауренцио се преселил во Шпанија и станал градежен работник. Се оженил и уште повеќе се оддалечил од Бога. Кога имал 23 години, сретнал еден роднина адвентист, кој исто така работел во Шпанија.

Се сетил на својата прва љубов кон Бога и желбата да стане пастор.

Неговата сопруга и тој одлучиле заедно да бидат крстени.

Пред тој голем ден, почнал да размислува за тоа како да започне нова етапа во својот живот. „Боже, каков е Твојот план за мене?“ – се молел.

Две ноќи по крштавањето сонил сон. Во сонот влегол во училница, седнал на големиот стол и погледнал во листот пред себе. Се запрепастил кога сфатил дека бил на испит по математика, а не се подготвувал за него пред тоа. Неговиот ум бил празен. Стравот се претворил во паника, додека неговото срце забрзано чукало. Во тој момент се разбудил. Било 3 часот наутро.

„Тоа беше само сон“, се храбрел себеси.

Заспал повторно, и сонил втор сон. Овој пат стоел, се смеел и разговарал покрај проповедалницата во својата мадридска црква. Луѓето го слушале со големо внимание. Мир го исполнувал неговото срце. Го чувствувал Божјето присуство.

Наутро, Лауренцио престанал да размислува за своите сонови. Таа вечер, се молел како и обично, „Боже каков е Твојот план за мене?“

Таа вечер, во сонот, влегол во училницата и седнал на големиот стол. Го погледнал листот и видел дека бил на испит по романски јазик. Не се подготвувал за тој испит и неговиот ум бил празен. Се испаничил. Малку подоцна, седел на друг стол, сега се смеел и разговарал со група луѓе кои го слушале со голем интерес. Чувствувал радост и Божје присуство.

Слични соништа му доаѓале речиси секоја вечер. Училницата секогаш била иста, но испитите биле различни. Никогаш не бил подготвен за испит и се чувствувал потиштено.

А, потоа сцената се менувала. Бил во црква, покрај друга маса или пред мноштво луѓе. Нешто им зборувал и го чувствувал Божјето присуство.

По три месеци такви соништа, Лауренцио размислувал дали Бог го повикува да стане пастор. „Но, како? Не можам да ја напуштам работата што ја работам. Женет сум и треба да го издржувам семејството“, разговарал со Бога.

Соновите продолжиле да доаѓаат. Поминала една година, потоа две, три, четири. На своите родители и на неколкумина блиски пријатели им кажал за соновите, но тие ги објаснувале настаните како

## Во врска со искуството

1. Прочитајте ја приказната за десетгодишниот син на Лауренцио во Детското мисионско списание.
2. Погледнете го видео-клипот за Лауренцио на јутјуб: bit.ly/Laurentiu-Druga.
3. Сликите со голема резолуција за проектите на 13. сабота можете да ги симнете од АДАМС: bit.ly/ECD-projects-2020.

## Брзи факти

1. Првата позната хефталка е направена во 18 век во шпанската област Баскија, за францускиот крал Луј 15. На секоја спојувалка бил гравиран кралскиот амблем.

дејствување на неговата потсвест.

На крајот, се навикнал на соновите. Додека спиел, чекал да помине првиот дел од еднииот сон, за потоа да ужива во вториот дел.

Исто така, секоја вечер Лауренцио му се молел на Бог со истата молитва, „Боже, каков е Твојот план за мојот живот?“

По десет години, Лауренцио ѝ рекол на својата сопруга за соновите. Една вечер неговата сопруга и тој присуствувале на младинската конференција, заедно со уште 250 млади луѓе. Изгледало како говорникот да ги чита неговите мисли. Секој пат, кога Лауренцио во својот ум размислувал за некоја причина поради која не би можел да биде пастор, говорникот би дал одговор од катедрата. Сопругата го поттикнувала.

„Треба да одиш на факултет“, му рекла.

Три месеци подоцна, Лауренцио, неговата сопруга и нивното деветгодишно дете се преселиле на кампусот на адвентистичкиот колеџ Сагунто, кој се наоѓа 380 км источно од Мадрид. Од тој ден и соновите престанале.

Лауренцио сега ја следи втората година од своите студии. „Секој час и секој момент што можам да го поминам со професорите, претставува вториот дел од сонот“, вели. „Не ми недостига првиот дел од сонот. Вториот дел сега е реалноста на мојот секојдневен живот“.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе биде употребен за изградба на толку потребната зграда на факултетот (адвентистичкиот колеџ Сагунто) на кој студира Лауренцио.



РОМАНИЈА | 14 март 2020

# Да се донесе голема одлука

Паула Кристина Гибут, 18

Што правите кога треба да донесете некоја важна одлука? Паула Кристина била пред важна одлука. Имала четиринаесет години и завршувала осмо одделение во Романија. Требало да одлучи во кое средно училиште понатаму ќе оди.

Паула сакала да стане учителка во основно училиште. Можела да оди во блиското државно средно училиште, кое нудело посебна програма, но таа одела во адвентистичкото училиште уште од забавиште. Адвентистичкото средно училиште нудело само научна насока.

Паула се молела и ја читала Библијата дома, во својата куќа во Тарг Муреш, село во северниот централен дел на Романија. Разговарала со своите родители и барала совети од книгите на еден од основачите на адвентистичката црква, Елена Вајт.

Додека читала, пронашла совет кој сугерирал дека адвентистичките деца би требало да се образуваат во неадвентистички училишта, за да го осветлуваат светот со божествената светлина.

Во Книгата на Елена Вајт, „Совети за родителите, учителите и учениците“, читала „Христовите следбеници треба да бидат одвоени од светот по своите принципи и интереси, но не треба да се држат изолирани од светот“ (Counsels to Parents, Teachers and Students, стр. 323).

Во книгата „Големата борба“ видела дека Валденжаните во 13. век и подоцна, го користеле целото свое христијанско влијание за да го трансформираат целото училиште.

Паула одлучила да се запише во државното училиште. Сметала дека тоа би била добра прилика да сведочи за Исус додека се подготвува да стане учителка.

Меѓутоа, најпрво требала да го положи приемниот испит. Се молела, „Ако е Твоја волја да бидам таму, помогни ми најдобро да го сработам приемниот испит".

Конкуренцијата била голема за 150 места во училиштето. Биле пријавени по четири деца за секое место.

Паула била седма на листата.

Меѓутоа, таа и понатаму не чувствувала мир. Ѝ било тешко да го напушти адвентистичкото училиште. Знаела дека учителите од државните училишта не се молат и дека учениците нема да пеат за Исус.

Две недели пред почетокот на наставата, сонила сон во кој таа се наоѓала во државното училиште. Учителите биле лоши и нељубезни, обвинувајќи ја за грешките на нејзините школски другари. Лажните обвинувања ја вознемириле Паула. На крајот од училишниот ден, кога се подготвувала да си оди дома, слушнала глас кој вика, „Бегај, бегај и не се враќај повеќе!" Се свртела да види кој вика, но немало никој.

Тоа утро, кога се разбудила, се прашувала што може да значи тој сон. Не била сигурна дали сонот бил од Бога, бидејќи знаела дека и ѓаволот може да предизвика сонови.

„Боже, Те молам, ако овој сон доаѓа од Тебе, потврди ми на некој начин", се молела.

Се обратила до родителите за совет. Ѝ рекле дека сама треба да донесе одлука. И така, одлучила да се моли и да пости неколку дена. Исто така, често ја читала Библијата и книгите на Елена Вајт.

Била изненадена кога видела дека сѐ она што го читала ѝ зборувало дека треба да оди во адвентистичкото училиште.

Во „Совети за родителите, учителите и учениците" прочитала, „Да се стават горди и нељубезни учители над млади деца претставува зло" (Counsels to Parents, Teachers and Students, стр. 175).

Во истата книга понатаму читала, „Нашите црковни училишта Бог ги посветил за да се подготвуваат децата за возвишено дело" (Counsels to Parents, Teachers and Students, стр. 176).

Размислувала, „Сакав да започнам обука за учителка во државното училиште, но адвентистичкото училиште може уште подобро да ме обучи, иако акцентот таму е на науката".

А потоа, во „Совети за децата", прочитала, „Кога планираат образование за своите деца надвор од домот, родителите би требало да сфатат дека повеќе не е безбедно да ги праќаат своите деца во држав-

ните училишта, и треба да настојуваат да ги испраќаат во училишта во кои ќе стекнат образование засновано на библиските темили“ (Child guidance, стр. 304).

Паула отишла во адвентистичко училиште, научила важни лекции за разбирањето на Божјата волја. Се молела и ги прашала своите родители за совет.

Ја читала Библијата и списите на Елена Вајт, и потоа донела одлука.

Била сигурна дека направила добар избор. Во адвентистичкото средно училиште му го предала своето срце на Исуса, и била крстена кога имала 16 години. Сега има 18 години и наскоро ќе го заврши средното училиште. Увидела дека има доволно време на универзитетот да научи како да биде добра учителка.

„Моето одење со Бога беше процес“, вели таа. „Јас не користев дрога, а потоа на некој чуден начин се преобратив. Бог ме водеше чекор по чекор. Сакам да ги охрабрам младите луѓе да живеат чекор по чекор со Христа.

Во секој чекор од нашиот живот, требно е да Го повикаме Него да нè води, и Тој тогаш ќе дејствува во нашиот живот“.

Пред три години дел од даровите на 13-тата сабота беа употребени за младинската мисионска програма во Романија. Ви благодариме за вашите дарови на 13-тата сабота.

## Во врска со искуството

1. Погледнете го видео-клипот за Паула на јутјуб: bit.ly/Paula-Ghibut.
2. Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од АДАМС базата на податоци (bit.ly/making-big-decision).
3. Сликите со голема резолуција за проектите на 13-тата сабота можете да ги симнете од АДАМС: bit.ly/ECD-projects-2020.

## Мисионски информации

1. Адвентистичките доктрини за прв пат биле проповедани во Романија од страна на М. Б. Чеховски, бивш полски католички свештеник, кој дознал за саботата и скорото Христово доаѓање додека бил во САД. Кога во 1864 година се вратил во Европа, ги проповедал овие доктрини во Италија и во Швајцарија, иако не бил испратен од страна на адвентистичката црква. Во зимата 1868/69 дошол во Романија и проповедал во Питештија, каде 12 луѓе ја прифатиле пораката.

РОМАНИЈА | 21 Март 2020

# Бог во затворот



photo: Pixabay

ЕЛЕНА, 20

*Ова лично искуство нека го изнесе некоја млада женска личност за време на саботната школа.*

Јас сум повлечена дваесетгодишна девојка од Романија и сакам да читам лични сведоштва. Кога прв пат дојдов во контакт со адвентистичкиот пастор, ме праша, „Какви книги сакаш да читаш?“

Му го кажав насловот на последната книга што ја прочитав, лично искуство од страна на христијански автор.

Една недела подоцна, пасторот ми донесе неколку книги полни со лични искуства.

„И јас би сакала еден ден да го напишам моето лично сведоштво.

Ако јас го напишам моето лично сведоштво, би почнала со среќните моменти од детството.

Би опишала како немилосрдно ги задевав моите прабаба и прадедо, правејќи да бидат вознемирени поради мене. Тогаш имав 4 или 5 години и знам дека ми беше многу забавно да се шегувам со нив.

Кога би го пишувала моето сведоштво, би зборувала за мојот прв ден на училиште. Тоа беше среќен ден. Мојата прабаба ме однесе во училиштето и подоцна дома ми помагаше со домашните задачи.

Моите прабаба и прадедо многу ме сакаа. Со нив живеев сѐ додека не отидов во затвор.

Ако го пишувам моето лично искуство, би зборувала за среќните моменти во затворот.

Ќе ги опишувам добрите луѓе кои ги запознав, како што е адвентистичкиот пастор, кој нѐ посетуваше еднаш неделно, и мене и другите млади затвореници нѐ подучуваше за животот со Бога. Пасторот доаѓаше со тројца студенти на адвентистичкиот универзитет, и ни покажуваше образовни компјутерски презентации.

Престанав да одам на училиште пред крајот од осмо одделение од

основното училиште, така што сè што ни прикажуваа беше ново и интересно.

По секоја компјутерска презентација, ни изнесуваа раскази од Библијата. Исто така, се молиме и разговараме.

Ако некогаш пишувам мое лично сведоштво, би зборувала и за најлошиот период од својот живот. Тоа беше деветмесечниот период од моето апсење во седумнаесеттата година, доаѓањето во затвор и служењето на дванаесетгодишната казна. Бев крајно осамена. Никој од моето семејство не ме посетуваше, и никој не ангажираше адвокат за да ме затапува.

Мојата прабаба умре неколку месеци пред моето апсење, а мојот прадедо беше стар и болен. Во текот на тие долги месеци во предистражниот притвор не слушнав ниту еден љубезен збор.

Меѓутоа, сè се промени кога дојдов во затворот. Некои затворски стражари се добри, посебно една жена која е задолжена да ми помогне да го обновам мојот живот. Исто така, ги сакам и програмите на адвентистичката затворска служба. Во текот на седмичните програми, запознав прекрасни луѓе и се зближив со нив. Сметав дека никогаш нема да се станам блиска со никого.

Адвентистите зборуваат љубезно, и тие ме учат како да бидам корисна и како да имам доверба во Бога. Тоа ми е важно. Во затворот сум три години и седум месец и ќе бидам во можност да барам помилување за две години. Моето однесување е многу значајно за можноста да бидам помилувана. Треба да покажам дека можам да бидам независна и корисна за општеството.

Ако го пишувам своето лично искуство, би признала дека во мојот живот искусив жалење поради сторените гревови во период од само дваесет години од животот. Тешко ми е да зборувам за тоа. Моето семејство имаше финансиски проблеми. Не беа покрај мене кога ми беа потребни. Многу насилни работи се случуваа во мојот живот. Ми се случуваа работи кои не можев да ги контролирам.

Можеби тоа е причината поради која не сум многу отворена во врска со својот живот. Можеби тоа е причината поради која сум повлечена.

Ако мојата прабаба не умреше, јас сигурно немаше да бидам во затвор. Меѓутоа, работите станаа многу лоши кога таа умре и јас убив некого.

## Во врска со искуството

1 Списанието Адвентистичка мисија не го објавува целото име на Елена поради нејзината приватност. Од истата таа причина не се објавени сликите на Елена или видео-клипот.

2 Сликите со голема резолуција за проектите од 13. сабота можете да ги симнете од АДАМС: bit.ly/ECD-projects-2020.

## Брзи факти

1 Називот „Романија" потекнува од латинскиот збор romanus, што значи „граѓанин на римската империја".

2 Дворецот Пелеш на Синај бил првиот дворец кој е целосно електрифициран со струја која се произведувала во сопствена хидроцентрала на дворецот. Централното греење во дворецот е спроведено во 1888 година, и сѐ уште е функционално и се употребува и денес.

3 Првата оценка 10 на олимписките игри била оценката на романската гимнастичарка Надја Команечи за нејзината изведба на вратило во Монтреал во Канада 1976 година.

4 Највисоката дрвена црква на светот, и втората највисока дрвена градба во Европа, е пронајдена во Сапанта Пери Марамуреш, на северозапад од Романија. Црквата е висока 78 метри, а на врвот се наоѓа крст во висина од 7 метри кој тежи 454 кг.

Кога ќе бидам пуштена од затворот, би сакала да имам свое семејство. Сакам да направам нешто корисно во мојот живот.

Меѓутоа, за сега, јас сум само повлечена дваесетгодишна девојка која сака да чита лични сведоштва.

Еден ден, би сакала да го напишам моето лично искуство.

Пред три години, дел од даровите на 13-тата сабота беше употребен за да се овозможи остварување на црковната мисионска програма наменета за младите луѓе во Романија.

Ви благодарам за вашите изобилни дарувања во 13-тата сабота.

# Програма на 13-тата сабота

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „Сабото мила со едемски сјај“ - Од Песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 47 |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Едно ромско село ја запознава саботата“ |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | „Кој со солзи сее“ - Од Песнарката на Христијанската адвентистичка црква, бр. 207 |
| **Завршна молитва** | |

**Забелешка:** Учесниците не мора напамет да ги учат своите делови за да ги изнесат вестите, туку да бидат доволно запознати со материјалот, за да не мора да читаат сè од текстот. Извежбајте ја целокупната програма за учесниците да можат да се чувствуваат пријатно и по потреба да го нагласат она што сметаат дека е важно.

## Во врска со искуството

1. Прочитајте за дванаесегодишното момче во Детското мисионерско списание, чиј живот бил променет во куќната црква на Петер.
2. Погледнете за Петер на јутјуб: bit.ly/Peter-Mizigar.
3. Симнете ги сликите од фејсбук (bit.ly/fb-mq) или од АДАМС базата на податоци (bit.ly/roma-village-sabbath).
4. Сликите со голема резолуција за проектите за 13. сабота можете да ги симнете од АДАМС базата на податоци bit.ly/ECD-projects-2020.





# Едно ромско село ја запознава саботата

Петер Мижигар, 44

2000 жители на ромска населба во Словачка себеси се сметале за христијани. Меѓутоа, никој не одел во црква. Никој од нив никогаш не ја читал Библијата.

Откако Словачка стекнала самостојност во 1993 година, различни мисионери почнале да доаѓаат во населбата Ракуси. Најпрво една брачна двојка проповедала на главната селска улица секоја недела. Луѓето се собирале да ги слушаат, но многу малку разбирале од тоа што го зборувале тие, бидејќи никогаш порано не ја читале Библијата.

Еден од мештаните, Петер Мижигар, повеќе бил заинтересиран да свири во својата музичка група, отколку да ја слуша проповедта. Свирел на бас гитара на венчавките и погребите. Обично помладите членови на групата, меѓу кои бил и неговиот помлад брат Павол, заработените пари ги трошеле на алкохолни пијалаци. Петер никогаш не пиел додека свирел. Тој бил возач.

Додека свирел, можел да забележи дека секоја публика се состоела од две групи – една која добро се однесува, високо интелигентни, и друга, која била со примитивно однесување. Другите музичари тоа не го забележувале бидејќи биле пијани.

Петер со внимание ги гледал луѓето за време на настапите. Разликата меѓу двете групи Роми исчезнувала како што пиеле. Кога луѓето биле пијани, богатите се соблекувале голи до половината, и се однесувале исто како и оние кои биле сиромашни. Секој настан завршувал со тупаници меѓу пијаните луѓе, па дури и на погребите.

Во една прилика, кога едно пијано друштво се свртело кон Петер и другите музичари, неговиот помлад брат и тој одлучиле да го напуштат таквиот начин на живот. „Ќе престанам да свирам световна музика“, рекол Павол. „Сакам да свирам за Бога“.

Павол ја слушал христијанската музика што ја пуштале мисионерите кои ја посетувале нивната населба.

Набргу, Петер, Павол и другите членови на групата свиреле христијанска музика во домот на Павол. Во текот на една проба, Петер ја забележал Библијата што стоела на масата.

„Каква е таа книга?“ – прашал, земајќи ја в раце.

Павол му ја зел книгата од рацете, и му рекол, „Остави ја, тоа не е за тебе“.

Павол ја проучувал Библијата и не сакал да ја дели со никого.

Додека Павол и останатите свиреле, Петер кришум за зел Библијата и ја напуштил куќата.

Дома, ја читал Библијата наредниот цел месец, читајќи го најпрво Откровението, а потоа и евангелијата.

По некое време му признал на својот брат дека му ја зел Библијата. Како помлад брат, Павол можел само да побара Петер да му ја врати кога ќе ја прочита.

Еден ден, Петер наишол на стихот, „Кој ќе поверува и се крсти, ќе биде спасен; а кој не поверува, ќе биде осуден“ (Марко 16,16).

Ја затворил Библијата и повторно ја отворил. Истиот стих повторно му го привлекол вниманието. Три пати Петер ја затворал и по случаен избор повторно ја отворал Библијата и секогаш отворал на истиот стих. Ја зел Библијата, и истрчал до куќата на својот брат. Павол бил со двајца пријатели.

„Те молам, дојди и крсти ме“, рекол. Не знаел ништо за крштавањето. Сакал само да го исполни Исусовиот налог и да биде крстен.

„Ти сакаш јас да те крстам?“ – прашал Павол.

„Да, овде јасно пишува дека оној што ќе биде крстен, ќе биде спасен“, одговорил Петер.

Павол се колебал, а Петер бил упорен.

Двајцата браќа и нивните двајца пријатели отишле до потокот надвор од населбата, со длабочина од еден метар и се крстиле еден со друг.

Ги признале своите гревови на Бога и барале проштавање.

Потоа, искусиле огромна радост разговарајќи со небесата, радувајќи се за своето крштевање.

По тој ден, овие четворица другари престанале да пцујат, да пушат и да пијат. Нивното соседство било восхитено. Порано, кога биле пијани, другите луѓе од страв бегале од нив.

Четворицата пријатели се договориле секојдневно да ја проучуваат Библијата. Понекогаш почнувале со читање во текот на вечерта и читале речиси до изутрина.

Други луѓе се приклучиле кон оваа библиска група. Честопати меѓу 50 и 100 луѓе се собирале во дневната соба и кујната на Петер.

Во текот на една сесија што се одржувала до доцна таа вечер, вниманието на Петер биле привлечено од стихот „А кога воскресна рано, во првиот ден на седмицата, и се јави прво на Марија Магдалена, од која беше истерал седум демони" (Марко 16,9) .

Петер се сетил дека Исус со своите следбеници се одмарал во седмиот ден, сабота, и се прашувал зошто мисионерите кои доаѓале во неговата населба ја празнувале неделата.

Ниеден мисионер не можел да одговори на неговото прашање.

Библиската група проучувачи продолжила да се собира, и во текот на проучувањето ја открила четвртата заповед.

Групата почнала да ја држи саботата.

Еден ден, Петер ги спомнал своите размислувања и колебања околу неделата пред еден непознат човек, кој дошол во посета на некој свој роднина.

Човекот, по име Јосиф, бил адвентист, и му рекол на Петер дека постои црква која ја празнува саботата. Врз основа на повикот што му го упатил Петер, Јосиф се обратил на библиската група. Подоцна, Јосиф ги одвел Петер и неговите пријатели да ја посетат адвентистичката црква во околината.

Петер посебно бил импресиониран од тивкото почитување на адвентистичката служба во заедништво.

Неговата дневна соба станала адвентистичка куќна црква која организирала саботни богослуженија и други програми.

Петер, неговиот брат и уште дваесет и четири други членови на библиската група биле крстени во адвентистичката црква во 2015 година.

Десетмина други луѓе биле крстени во текот на наредните две години.

Во 2018 година изградена е адвентистичка црква на периферијата на населбата, и во неа се собираат околу 100 луѓе секоја сабота.

Тоа е црквата која Бог ја основал врз темелите на дневната соба на Петер.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за програмите наменети за загрозените деца во црквата во местото Ракуси во Словачка.

Ви благодариме што ова тримесечје во изобилство ќе ги приложите своите средства за овој и за други проекти во Бугарија, Германија и Шпанија.

*(Приложување на даровите може да тече со придружба на инструментална музика)*

## Можности

Даровите на 13-тата сабота за ова тримесечје ќе бидат употребени за:

1. Проширување на Сагунто адвентистичкиот колеџ во Шпанија за изградба на нова зграда на кампусот.
2. Реновирање на главната зградана академијата Мариенхохе во Дармштат во Германија.
3. Основање на образовна мисионска програма за загрозените деца во Република Чешка и во Словачка.
4. Изградба на црковна зграда со центар за деца во Софија, Бугарија.

## Идни проекти на 13-тата сабота

Проектите кои ќе бидат во центарот на следното тромесечје доаѓаат од Трансевропската дивизија при Генералната конференција на Христијанската адвентистичка црква:

1. Основање центри на влијанија во Сортланд во Норвешка
2. Основање на цркви на Нов Белград во Србија.
3. Изградба на црква и центри на влијанија во Никозија на Кипар.

ГРАДИВО 1/2020
**Вести од светот**

Излегува тримесечно

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската
адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Подготовка и
техничка обработка:**
Мелита Томовска

**Коригирал:**
Томе Трајков

**Одговара:**
Томе Трајков

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**